Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit
Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 15-51/2
30.01.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-51/2
Дата/Data: ___________________

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42 paragrafin (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për Planifikim Urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), dhe në lidhje me Në nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për Zbatimin e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

## РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Гази Баба се издаваат Услови за планирање на просторот за изградба на примарна фекална канализација во КО Црешево и КО Страчинци, Општина Гази Баба.

Должината на трасата изнесува околу 3,7 km.

Трасата се граничи со опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за УПВНМ за спортско рекреативен центар, КО Црешево и КО Страчинци, Општина Гази Баба, со тех.бр Y 25413.

Трасата се сече со траса за која се издадени Услови за планирање на просторот со намена сообраќајни инфраструктури -пешачки простори, улици и патеки, Општина Гази Баба, со тех.бр Y 31224.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при

## AKTVENDIM
## për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Me këtë Aktvendim Komunës së Gazi Babës, i jepen Kushte për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e kanalizimit fekal primar në KK Creshevë dhe KK Straçincë, Komuna e Gazi Babës.

Gjatësia e trasës është rreth 3,7 km.

Trasa kufizohet me sipërfaqjen për të cilën janë lëshuar Kushte për planifikimin e hapësirës për PUJV për qendër sportive-rekreative, KK Cërshëvë dhe KK Straçincë, Komuna e Gazi Babës, me nr. tek Y25413.

Trasa kryqëzohet me një trasë për të cilën janë lëshuar Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim infrastruktura të komunikacionit – hapësira për këmbësorë, rrugë dhe shtigje, Komuna e Gazi Babës, me nr. tek Y31224

Lloji i dokumentacionit planor duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У44025 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на примарна фекална канализација во КО Црешево и КО Страчинци, Општина Гази Баба, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште од бонитетна класа.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што границат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

planifikimin e hapësirës, vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, konform Planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij vendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik. U44025 janë një pjesë integrale e Aktvendimit.

3. Kushte për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e kanalizimit fekal primar në KK Creshevë dhe KK Straçincë, Komuna e Gazi Babës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vërejtje përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacionin planor të nivelit më të lartë dhe bashkëngjitjet grafike të cilat paraqesin një Ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht kufizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa kreditore I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës. Fushëveprimi i planifikimit mbulon tokën bujqësore të klasës së të bonitetit.

5. Hartuesi ose përpiluesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje në kufi me objektin planore që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urban ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25).


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

6. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарската општина Црешево има евидентирани археолошки локалитети, додека на територијата на катастарската општина Страчинци нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на примарна фекална канализација во КО Црешево и КО Страчинци, Општина Гази Баба, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

6. 6. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore dhe hartës arkeologjike të Republikës së Maqedonisë në zonën e komunës kadastrale të Creshevë ka lokalitete arkeologjike të regjistruara, ndërsa në territorin e komunës kadastrale Straçincë nuk ka të regjistruara monumente të patundshme të kulturës dhe lokalitete arkeologjike.

7. Gjatë sjelljes së Vendimit për zbatimin apo Vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik për dokumentacionin për zonën në fjalë për ndërtimin e kanalizimit fekal primar në KK Creshevë dhe KK Straçincë, Komuna e Gazi Babës, është e detyrueshme të merret parasysh udhëzimi për nevojën e zbatimit të Vlerësimit Strategjik të Ndikimit në mjedis, si dhe vëzhgimet dhe konkluzionet nga fushat sektoriale të mbuluara me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гази Баба, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 75386 од 08.10.2025 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на примарна фекална канализација од с. Црешево и с. Виниче до постоечки колектор на с. Страчинци кон ПСОВ, Општина Гази Баба.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на примарна фекална канализација во КО Црешево и КО Страчинци, Општина Гази Баба и ги достави до Министерството за животна

## ARSYETIM

Komuna e Gazi Babës në bazë të nenit 42 paragrafi (1) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me numër të Procedurës UPP 75386 nga 08.10.2025, në Agjencinë për Planifikim Hapësinor për dhënien e Kushteve për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e kanalizimit fekal primar prej fshati Creshevë dhe fshati Viniçe deri te kolektori ekzistues i fshatit Straçincë drejt SPUZ, Komuna e Gazi Babës.

Në bazë të nenit 42 paragrafi (8) të ligjit me të njëjtin emër, Agjencia e Planifikimit Hapësinor ka hartuar Kushtet për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e kanalizimit fekal primar në KK Creshevë dhe KK Straçincë, Komuna e Gazi Babës, dhe i ka dorëzuar Ministrisë së Mjedisit dhe


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

средина и просторно планирање под бр. 15-51/1 од 05.01.2026 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на примарна фекална канализација во КО Црешево и КО Страчинци, Општина Гази Баба, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Planifikimit Hapësinor me nr. 15-51/1 nga 05.01.2026.

Kushte për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e kanalizimit fekal primar në KK Creshevë dhe KK Straçincë, Komuna e Gazi Babës, paraqesin parametra dhe udhëzime hyrëse në planifikimin e hapësirës dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat. relevante për planifikimin e hapësirës.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Muamet Hoxha

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk